Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" Бр.58/00, 44/02, 82/08 и 167/10), Министерот за информатичко општество и администрација донесе

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РЕАКЦИЈА И САНИРАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пријавување, реакција и санирање на инциденти кои влијаат или можат да влијаат на тајноста и заштитата на личните податоци кои се обработуваат во Министерството за информатичко општество и администрација во својство на контролор.

### Член 2

Секој корисник е должен веднаш да го пријави на администраторот на информацискиот систем секој инцидент што ќе настане во процесот на обработување на личните податоци.

Пријавувањето на инцидентот од став 1 на овој член се врши во електронска форма, а доколку тоа не е возможно, пријавувањето се врши во писмена форма, при што се наведуваат следните податоци за инцидентот:

- време на настанување на инцидентот;
- траење и престанок на инцидентот;
- место во информацискиот систем каде се појавил инцидентот;
- податок или проценка за обемот, односно опсегот на инцидентот;
- име и презиме на корисникот кој го пријавил инцидентот;
- име и презиме на овластените лица до кои е доставена пријавата за инцидентот.

### Член 3

По приемот на пријавата за инцидент, администраторот на информацискиот систем веднаш започнува да врши проценка на причините за појавување на инцидентот, како и за тоа дали и кои мерки треба да се преземат за негово санирање и за спречување на негово повторување во иднина.

Доколку се работи за инцидент кој се повторува, администраторот на информацискиот систем е должен да преземе мерки кои ќе гарантираат трајно отстранување на ризикот од негово повторување.

**Член 4**

Доколку како последица на инцидент дојде до губење или бришење на дел или сите лични податоци содржани во информацискиот систем, истите ќе бидат повторно внесени - вратени во информацискиот систем, со користење на сигурносните копии кои што се чуваат кај контролорот.

Постапката од став 1 на овој член ќе се примени и доколку бришењето или губењето на дел или сите лични податоци содржани во информацискиот систем е неопходно заради отстранување на последиците од инцидентот или за преземање на мерки за спречување на негово повторување во иднина.

**Член 5**

При повторното внесување - враќање на личните податоци во системот, задолжително и во електронска форма се врши евидентирање на корисниците кои ги извршиле операциите за повторно враќање на податоците, категориите на лични податоци кои биле вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

Повторното враќање на личните податоци во информацискиот систем се врши од страна на корисниците врз основа на претходно издадено писмено овластување од страна на Министерот.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласна табла во Министерството.

Бр. 16 - 1574/1
**Дата** 19. 04. 2011

**Министер,**
**М-р Иво Ивановски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
СКОПЈЕ